# Девојченце бело и црвено




— Девојченце, девојченце бело и црвено,
Ког' легнуеш дали ме сонуеш? (2 п.)

Ког' легнуеш, ког' легнуеш дали ме сонуеш'
— Нема вечер да не те сонуам (2 п.)

— Ког' сонуеш, ког' сонуеш на кого кажуеш,
Ког' кажуеш мама што ти веле? (2 п.)

— Ког' сонуам ког' сонуам на мама кажуам
Мама веле заљуби го ќерко. (2 п.)

Јас ко' беше, јас ко' беше на твоето време,
Јас мамеше четворица млади (2 п.)

Пеел Стефан Арсов од село Драдња—Тиквешко, 1938 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.